# ПРОБИВАЊЕ

ГОРДАНА ВРЕНЦОСКА

GORDANA VRENCOSKA · BREAKING THROUGH ·

CIX gallery 16 June 1999

# ПРОБИВАЊЕ

Проектот "Пробивање" е базиран врз концептуалистичката разработка и компјутерската симулација на овој поим. Тој претставува целина од 5 дела, од кои 2 одделни и 3 диптиха, со приказ на различни можности за имагинарен влез во нешто, при што се користат минимум ликовни елементи.
ВЛЕЗ: Почетната слика (или вовед) не остава место за двоумење, туку директно нé втурнува во мултиплицираната решетка преку зборот ENTRY што се повторува во бескрај, што всушност, претставува почеток на понатамошниот избор на можности што следуваат.
Трите наредни дела се состојат од слики на пополнет и целосно затворен простор и симулиран приказ за (не)овозможениот влез во него.
ПРОБИВ: Влезот е понекогаш точно означен (со бел крст), иако логично таму не постои или е сокриен.
ОПКРУЖУВАЊЕ: Се нудат повеќе варијанти, условени од замисленото електронско поле.
ОПЦИЈА: Без означената (понудената) одредница за влез, гледачот најверојатно би заталкал барајќи го влезот на повеќе места. Со тоа е постигната интерактивност на проектот на повеќе нивоа.
ИЗЛЕЗ?: Излезот (или крајот) е спротивна ситуација од онаа во ВЛЕЗ. Претставен е со повеќе заклучени фиоки, кои метафорично укажуваат на неможноста да се прекине оваа "игра". Се чувствува параноичен страв дека тоа што еднаш започнато не може да се заврши и да се излезе од лавиринтот. Но, извесната фрустрираност од неочекуваниот крај не нé одвраќа од помислата одново да го започнеме целиот процес.

ENTRY...>

Маја Чанкуловска

Фотографии: Влез - Станислава Шаровиќ; Пробив, Опкружување, Опција - Гордана Вренцоска; Излез? - Марко Георгиев.
Lay Out: Сашо Ѓуровски
Превод: Николина Јакимова
Изложбата е потпомогната од ZAYAC
Скопје 1999

BREAKING THROUGH

The "BREAKING THROUGH" project is based upon the conceptualist elaboration and the computer simulation of this impression. It represents an entirety of 5 pieces from which 2 are separate and 3 diptychs, with a presentation of different possibilities for an imaginary entrance into something with a usage of minimum artistic elements.
ENTRY: The initial image (or preface) does not leave a place for second thought, but directly pushes us into the multiplied lattice through the word ENTRY which is being repeated endlessly. This, in fact, represents the beginning of the further choice of possibilities that follow.
The three following parts are consisted of images of filled and completely closed space and a simulated presentation of the (im)possible entrance in it.
BREAK THROUGH: Sometimes the entrance is precisely marked (with a white cross) although logically, it does not exist there or is hidden.
SURROUNDING: More varieties are being offered all of them stipulated by the imaginary electronic field.
OPTION: Without the marked (offered) entry determination, the viewer would probably loose his way while looking around for the entry. With this, a multilevel interactivity of the project is accomplished.
EXIT?: The exit (or the end) is a situation quite opposite to the entry one. It is represented with lots of locked drawers that metaphorically point on the inability to end this 'game'. One can feel a paranoiac fear from the fact that something once commenced can not be finished and the labyrinth can not be exited. But, the certain frustration from the unexpected ending does not prevent us from the thought of restarting the entire process all over again.

ENTRY...>

Maja Čankulovska

Photographs: Entry - Stanislava Šarović; Break through, Surrounding, Option - Gordana Vrencoska; Exit? - Marko Georgiev.
Lay Out: Sašo Djurovski
Translation: Nikolina Jakimova
The exhibition is supported by ZAYAC
Skopje 1999



ГОРДАНА ВРЕНЦОСКА > Родена 13 05 1973 година во Виница, Р. Македонија.
Образование: Уметничко училиште завршила во Скопје, отсек применет текстил. Дипломирала 1997 година на Факултетот за Ликовни Уметности во Скопје, отсек сликарство, насока модно креирање. Селектирани групни изложби: 1996 - учество во мултимедијалниот проект на Евгенија Демниевска "Curriculum Vitae" во Музеј на град Скопје;1996 - Скопје, Сули Ан, Моден перформанс, во склоп на годишната студентска изложба;1997 - Студентско Интернационално Арт Биенале; 1997 - "Имиџ, Информација, Илузија" - проект за "Графички Експеримент" во Музејот на град Скопје; 1998 - Скопје, Дом на АРМ, Изложба на дипломирани студенти од ФЛУ.
Колонии: с. Лесново, Демир Капија, Манастир Трескавец Прилеп, Кавадарци.
Студиски патувања: Италија, Венецијанско Биенале 97.

Адреса: Раде Кончар 9, 92 310 Виница.
E-mail: gvrenco@yahoo.com

GORDANA VRENCOSKA > Born 13 05 1973 in Vinica, R. of Macedonia.

Education: High School of Applied Arts, Skopje Applied textile department. Graduated at the Faculty of Fine Arts, Painting department and Fashion designing course.

Selected group exhibitions: 1996 - Participant in the multumedia project of Evgenija Demnievska "Curriculum Vitae" at the City Museum of Skopje; 1996 - Skopje, Suli An, Fashion performance at the Annual student exhibition; 1997 - Student International Art Biennial; 1997 - City Museum of Skopje, project "Image, Information, Illusion", as a part of the project "Graphic Art Experiment"; 1998 - Skopje, Army Hall, Exhibition of the graduated students from FFA.

Art colonies: Lesnovo, Demir Kapija, Monastery Treskavec Prilep, Kavadarci.

Educational journeys: Italy, Bienale di Venezia 97.

Address: Rade Koncar 9, 92310 Vinica.
E-mail: gvrenco@yahoo.com